СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
С З П М
Бр. 03-07/108
15.2 2013 год.
СКОПЈЕ

Центар за регионални истражувања и соработка
СТУДИОРУМ
Бр. 03-9/1-13
15.02. 2013 год.
СКОПЈЕ

СЗПМ

Центар за регионални истражувања и соработка

**Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ)**, ул. 12 Ударна бригада бр. 2 (Работнички дом), Скопје, застапуван од Драги Аргировски, претседател

**и**

**Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум”** **(Студиорум),** ул. Никола Парапунов, бб., Скопје, застапуван од Неда Милевска-Костова, извршна директорка

**на 15 февруари 2013 година, во Скопје склучија**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## за поддршка на здравото стареење во Република Македонија

# 1 Предмет на Меморандумот и цел на соработката

## 1.1 *Предмет на Меморандумот*

Предмет на овој Меморандум е уредување на долгорочната соработка помеѓу страните во реализацијата на политики и активности за здраво стареење во Република Македонија.

## 1.2 *Цел на соработката*

1.2.1 Целта на потпишување на овој Меморандум за соработка е уредување на општите права и обврски во спроведувањето на заедничките активности во врска со предметот на овој Меморандум за соработка.

1.2.2 Овој Меморандум не произведува финансиски и други *посебни* права и обврски.

1.2.3 Странките склучуваат посебен договор за реализација на секој конкретен проект или програм од којшто произлегуваат финансиски и други посебни права и обврски за било која од нив, со цел да ги уредат тие посебни финансиски и други посебните права во врска со тој конкретен проект или програм.

# 2 Општи права и обврски на странките

## 2.1 *Заеднички права и обврски на странките*

2.1.1 Да соработуваат со цел остварување на заедничките цели во согласност со Меморандумот и активно да партиципираат во спроведувањето на програмските и проектните активности;

2.1.2 Да обезбедат пристап до сите релевантни информации во врска со подготовките, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на програмските и проектните активности;

2.1.3 Да споделуваат релевантни информации, како и

2.1.4 Да обезбедат доверливост на информациите.

## 2.2 *Права и обврски на СЗПМ*

2.2.1 Да обезбеди непосредно информирање на неговото членство и другите засегнати страни за овој Меморандум и активностите што произлегуваат од него, како и за важноста на истите, преку соодветни форми (средби со претседателите на здруженијата, соопштенија во редовното гласило на СЗПМ, преку медиуми и сл.);

2.2.2 Да учествува активно и да овозможи активно вклучување на неговото членство и другите засегнати страни во реализација на активностите;

2.2.3 Да идентификува лица кои ќе помагаат во реализацијата на активностите, како и да дава согласност за вклучување на лицата предложени од Студиорум за реализација на активностите;

2.2.4 Да дава повратни информации за активностите реализирани од страна на Студиорум, а во насока на подобрување на финалните производи од програмските и проектните активности;

2.2.5 Да учествува активно во креирањето на активностите и да дава фидбек за изработените документи од страна на Студиорум, а во насока на подобра реализација на креираните програми и проекти;

2.2.6 Да обезбеди простории и други предуслови, ако е потребно, за состаноци и средби со неговото членство, како и со претседателите на здруженијата, или други субјекти кои се во директна релација со СЗПМ;

2.2.7 Да обезбеди инфраструктура и хумани ресурси за внесување на податоците собрани на терен за изработка на социјалната карта на пензионерите во РМ;

2.2.8 Да учествува активно во евалуацијата на активностите;

2.2.9 Навремено и квалитетно да ги испорачува договорените обврски и активности;

2.2.10 Да учествува активно во заедничките напори за обезбедување одржливост на активностите и по истекот на важноста на овој Меморандум, преку соработка со Студиорум; и

2.2.11 Да ги спроведува посебните права и обврски од склучените договори од точка 1.2.3. од овој Меморандум.

## 2.3 *Права и обврски на Студиорум*

2.3.1 Да обезбеди непосредно информирање на неговото членство и другите засегнати страни за овој Меморандум и активностите што произлегуваат од него, како и за важноста на истите преку соодветни форми (средби со управните тела, соопштенија во редовното гласило на Студиорум, преку медиуми и сл.);

2.3.2 Да учествува активно и да овозможи активно вклучување на другите засегнати страни во реализација на активностите;

2.3.3 Да идентификува лица кои ќе помагаат во реализацијата на активностите, како и да дава согласност за вклучување на лицата предложени од СЗПМ за реализација на активностите;

2.3.4 Да дава повратни информации за активностите реализирани од страна на СЗПМ, а во насока на подобрување на финалните производи од програмските и проектните активности;

2.3.5 Да учествува активно во креирањето на активностите и да дава фидбек за изработените документи од страна на СЗПМ, а во насока на подобра реализација на креираните програми и проекти;

2.3.6 Да обезбеди простории и други предуслови, ако е тоа потребно, за состаноци и средби;

2.3.7 Да обезбеди инфраструктура и хумани ресурси за спроведување на активностите;

2.3.8 Да учествува активно во евалуацијата на активностите;

2.3.9 Навремено и квалитетно да ги испорачува договорените обврски и активности;

2.3.10 Да учествува активно во заедничките напори за обезбедување одржливост на активностите и по истекот на важноста на овој Меморандум, преку соработка со СЗПМ; и

2.3.11 Да ги спроведува посебните права и обврски од склучените договори од точка 1.2.3. од овој Меморандум.

## 3 Заеднички консултации и консензус

Странките ги планираат и спроведуваат активностите од својата соработка заеднички и решаваат со консензус, следејќи ги принципите на соработка и добра волја, а во согласност со законодавството на Република Македонија.

## 4 Завршни одредби

4.1. Овој Меморандум стапува на сила од моментот на потпишување и истекува три години по потпишувањето.
4.2. Овој Меморандум се продолжува за секои понатамошни 3 години доколку странките изразат заеднички писмен интерес за тоа најдоцна 30 дена пред истекот на периодот од т.4.1.
4.3. Ако една од странките одлучи да го прекине овој Меморандум пред наведениот период, ја известува другата странка најдоцна 30 дена пред датумот на прекинувањето.
4.4. Прекинувањето на овој Меморандум *не влијае врз прекинувањето на посебните договори од точка 1.2.3. од овој Меморандум*, потпишани помеѓу странките.
4.5. Меморандумот е составен во 2 идентични копии, по една копија за секоја од странките, при што секоја копија ја има истата валидност.

Склучено на ден 15 февруари 2013 година, во Скопје.

За СЗПМ
Претседател,
Г-дин Драги Аргировски

За Студиорум
Извршна директорка,
М-р Неда Милевска-Костова